**ПРАВИЛА ЗА ДЕТСКИ ЛИКОВЕН КОНКУРС НА ПЕНЗИЈА.МК**

**„Заштити ги твоите пари, обезбеди ја твојата иднина”**

**Организатори на детскиот ликовен конкурс**

**Член 1**

Организатори на детскиот ликовен конкурс се:

1. **Агенција за супервизија на капиталното финансирано пензиско осигурување МАПАС**, со седиште на ул. Славко Јанески 100, 1000 Скопје со ЕМБС 5675162 и ЕДБ 4030002455375,
2. **Друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови Сава пензиско друштво А.Д. Скопје**, со седиште на ул. Мајка Тереза 1, 1000 Скопје, со ЕМБС 5989434 и ЕДБ 4030005551006,
3. **КБ Прво друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови АД Скопје** со седиште на ул. Митрополит Теодосиј Гологанов бр.6, 1000 Скопје, со ЕМБС 5990815 и, ЕДБ 4030005550662,
4. **Друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови Триглав пензиско друштво АД Скопје** со седиште на бул. 8-ми Септември бр.18, кат 2, 1000 Скопје со ЕМБС 7344228 и ЕДБ 4057019545071 и

Активностите за реализација на детскиот ликовен конкурс ќе бидат спроведени во соработка со маркетинг агенцијата ПИКСЕЛ ДОО.

**Цел на детскиот ликовен конкурс**

**Член 2**

Целта на овој ликовен конкурс е, поттикнување на децата на креативен начин да го претставаат и да го разберат значењето на пензијата, да умеат да ја осознаат обврската и потребата за штедење за пензија, да ја разберат потребата од носењето на правилни финансиски одлуки важни за нивната иднина и да научат колку е важно да се штеди за својата иднина и правилно да се инвестираат парите.

**Територија**

**Член 3**

Детскиот ликовен конкурс ќе се организира и ќе се спроведува на целата територија на Република Северна Македонија.

**Право на учество и правила за учество**

**Член 4**

Во детскиот ликовен конкурс право на учество имаат сите деца кои се државјани на Република Северна Македонија на возраст од 4 до 14 години. Право на учество во детскиот ликовен конкурс немаат децата на вработените кај Организаторите, и децата на вработените во маркетинг агенцијата

-Пиксел. Детските цртежи на тема **<u>„Заштити ги твоите пари, обезбеди ја твојата иднина”</u>** заедно со податоците за детето - учесник на конкурсот и родителот/старателот:

- Име и презиме на детето;

- Место на живеење (општина/село/град);

- Име и презиме на родителот/старателот со место на живеење); и

- Телефон за контакт на родителот/старателот.

да се испратат електронски на e-mail адресата gmw2024konkurs@gmail.com со наслов „За ликовен конкурс на страната **penzija.mk** “ до 17.03.2024.

Цртежите кои ќе се испраќаат по електронски пат мора да бидат убаво скенирани или фотографирани со одлична резолуција. Цртежите не смеат да бидат дигитално обработувани, ниту создадени со користење на електронски апликации.

Оригиналниот цртеж мора да се чува до завршување на ликовниот конкурс и не смее да се праќа по пошта.

Секој цртеж мора да биде индивидуален, односно нацртан од страна на едно дете, а не од група на деца. Може да учествуваат цртежи во која било техника, форма и големина.

Во првата фаза жири избрано од Организаторите ќе ги оценува сите цртежи со право на учество на 18.03.2024 и 19.03.2024 година и ќе направи потесен избор на цртежи. Во втората фаза ќе се оценуваат само цртежите кои влегле во потесен избор.

Доколку цртежот влезе во втората фаза на оценка ќе биде јавно објавен на социјалните мрежи и на страната **penzija.mk**, каде за истиот веднаш ќе може да се гласа.

Гласањето ќе се одвива од 20.03.2024 до 24.03.2024 година со позитивна реакција на објавениот цртеж.

Изборот на цртежите кои ќе имаат најголем број на позитивни лајкови на социјалните мрежи во соодветните категории ќе бидат освојувачи на наградите и истите ќе бидат јавно објавени, заедно со повик за доделување на награда.

Испраќачот ќе биде исконтактиран од страна на Организаторите, да го достави оригиналниот цртеж за потврда. Доколку испраќачот не го достави оригиналниот цртеж во предвидениот рок, цртежот ќе биде дисквалификуван.

Натпреварувањето ќе биде во три категории: деца на возраст од 4 до 7 години, деца на возраст од 7 до 10 години и деца на возраст од полни 11 години до 14 години. Правото на сопственост на сите испратени цртежи кои ќе влезат во втората фаза на оценка го задржуваат Организаторите.

**Награди**

**Член 5**

Наградите кои се обезбедени од страна на организаторот се дадени подолу:

Прва награда – 3 X Таблети за цртање

Втора награда – 3 X Тримесечен курс за цртање

Трета награда - 3 X Пакет производи за цртање (боички, фломастери, водени боички, темперни, четки, блокови и сл)

**Подигање на наградите**

**Член 6**

Добитниците на наградите ќе можат да ги подигнат наградите лично, во присуство на родител/старател на датум дефиниран во јавната објава за доделување на наградите.

Наградите кои нема да се подигнат на денот на доделувањето, наградениот/негов старател има право да ги подигне во рок од 60 дена од денот на објавување, во просториите на маркетинг агенцијата секој работен ден од 8 до 16 часот со приложување на документ за идентификација.

**Технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци од учесниците во детскиот ликовен конкурс**

**Член 7**

За сите прикачени цртежи задолжително се применуваат технички и организациски мерки класифицирани на основно ниво. Личните податоци (име, презиме, датум на раѓање, адреса и контакт телефон) се обработуваат на сите испраќачи врз основа на нивна согласност според членот 12 од овие правила.

**Објавување на лични податоци на испраќачи на цртежи и на наградени испраќачи на цртежи**

**Член 8**

Организаторот на ликовниот конкурс јавно ќе ги објави сите цртежи кои ги исполнуваат условите од овие правила, како и наградените цртежи на веб страната на penzija.mk заедно со личните податоци на испраќачите (име, презиме, возраст и град на живеење). Наградените цртежи ќе се објават и на Facebook, страната на penzija.mk и на Instagram профилот на penzija.mk, заедно со податоците на испраќачите (име, презиме, возраст и град на живеење). Пристап до овие податоци ќе имаат сите оние кои ќе ја посетат веб страната на penzija.mk, Facebook страната на penzija.mk и Instagram профилот на penzija.mk. Обезбедени се технички мерки во однос на објавување на личните податоци на испраќачите така што со внесување на име и презиме на испраќачот (субјектот на лични податоци) и пребарување на search engines како што е Google search или Yahoo, не постои можност да се повлечат податоци за субјектот од содржините кои се поставени на веб странцата и Facebook страницата на penzija.mk.

**Начин на информирање на субјектите на лични податоци**

**Член 9**

Личните податоци од испраќачите на цртежите ќе се обработуваат за целите на ликовниот конкурс од страна на лицата вклучени и ангажирани за спроведување на истиот.

Целите на обработка на личните податоци на испраќачите на цртежи се следни:

Име и презиме – заради овозможување на идентификација и дистинкција на испраќачите и испратените цртежи

Датум на раѓање – заради утврдување на правото на учество во ликовниот конкурс како и определување на припадноста во една од двете возрасни категории

Адреса – потребна за испраќање на Благодарница за учество во ликовниот конкурс

Контакт телефон – потребен за информирање на испраќачот доколку истиот е награден со некоја од горенаведените награди

Испраќачите на цртежи (Субјекти на лични податоци) имаат право да побараат информирање од спроведувачот (маркетинг агенцијата) во однос на обработката на лични податоци.

Контролорот е должен да даде соодветен одговор за секое прашање поврзано со заштитата, обработката и чувањето на личните податоци.

Контролорот има право на пристап до личните податоци кои се собираат во базата. При настаната грешка во објавувањето на личните податоци, Контролорот има право на исправка на истите.

**Рок на чување на личните податоци**

**Член 10**

Личните податоци и сите испратени цртежи кои ќе влезат во втората фаза на оценка, ќе бидат уништени од страна на маркетинг агенцијата по завршување и објавување на резултатите на детскиот ликовен конкурс со записник во присуство на трочлена комисија.

Наградените цртежи, но не и личните податоци на наградените учесници, трајно ќе се чуваат објавени на социјалните мрежи на Пензија.мк, додека пак сите останати цртежи кои влегле во потесниот круг на избор, заедно со личните податоци на испраќачите ќе бидат уништени по завршување и објавување на резултатите на детскиот ликовен конкурс со записник во присуство на тричлена комисија.

**Важност на правилата на ликовниот конкурс**

**Член 11**

Овие официјални правила важат од денот на нивното донесување и истите ќе важат се до завршувањето на детскиот ликовен конкурс. Со учеството во ликовниот конкурс секој учесник ги прифаќа сите права и обврски утврдени во овие правила и се согласува на обработка и чување на личните податоци опишани во овие правила.